

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ И ЕТИКА

# **ПОЛИТИКА ЗА САНКЦИИ И ТРГОВСКИ ЕМБАРГА**

# ПОЛИТИКА ЗА САНКЦИИ И ТРГОВСКИ ЕМБАРГА

Magna е посветена на уверувањето дека ќе ги почитува законите на сите јурисдикции каде што спроведува бизнис, вклучувајќи ги и законите и регулативите за економски санкции. Оваа политика се однесува на сите вработени во Magna International Inc. и сите нејзини работни групации, оддели, заеднички вложувања и други операции на глобално ниво (заедно, „Magna“). Оваа политика се однесува и на сите лица кои делуваат во име на Magna, вклучително вработените, службениците, директорите, консултантите и агентите.

- Мора да се придржувате до сите важечки закони и регулативи („**Закони за санкции**“) во врска со ограничувањата за правење бизнис со:
- земји и/или политички пododдели што подлежат на санкции (заедно, „**санкционирани земји**“); и
- лица, компании или субјекти, вклучително и нивни претставници и агенти кои престојуваат во санкционираните земји или се наведени на национални или меѓународни листи за санкции (заедно, „**санкционирани лица**“).

## Што е санкција или трговско ембарго?

Санкции и трговски ембарга се мерки што ги спроведуваат влади или меѓународни организации (како што се Обединетите нации) коишто ограничуваат деловни активности во одредени земји. Тие се често наменети да извршат притисок врз владите на санкционираните земји или санкционираните лица за да ги променат политиките или практиките за кои санкционирачката влада смета дека се штетни за меѓународниот мир, безбедност или човекови права.

## Што забрануваат законите за санкции?

Законите за санкции ограничуваат или забрануваат различни деловни активности, во зависност од санкционираната земја и санкционираното лице кои се инволвирани. Законите за санкции често поставуваат ограничувања на движењето на стоки, услуги или парични средства. Законите за санкции може, но не мора да ограничуваат или забрануваат:

- Продажба или набавка на добра, услуги или технички податоци до или од некого во санкционирана земја;
- Продажба или набавка на добра, услуги или технички податоци до или од санкционирано лице, без оглед каде може да е лоцирано тоа лице;
- Трансфер на парични средства до или преку некоја санкционирана земја или санкционирано лице, како и примање парични средства од санкционирано лице (на пр. санкционирана банка); или
- Продажба на добра, услуги или технички податоци на дозволено лице во дозволена земја, доколку продавачот знае дека добрата, услугите или техничките податоци се наменети за санкционирана земја или за санкционирано лице.

## На кој начин некоја земја или лице стануваат санкционирана земја или санкционирано лице?

Вообичаено, земја, поединец или компанија се соочува со санкции или ембарго бидејќи наводно учествува во активности, како што се тероризам, кршење на човековите права, незаконски извоз, ширење на нуклеарно оружје и други криминални дејства. Одредени земји и региони во кои работи Magna (на пр. Канада, Соединетите Американски Држави и Европската Унија) изготвуваат и објавуваат листи на санкционирани земји и лица. На пример:

Канада: https://www.international.gc.ca/world-monde/international_relations-relations_internationales/sanctions/current-actuelles.aspx?lang=eng
Соединетите Американски Држави: http://www.treasury.gov/resource-center/sanctions/Programs/Pages/Programs.aspx
Европската Унија: https://webgate.ec.europa.eu/fsd/fsf
Обединетите нации: https://www.un.org/securitycouncil/content/un-sc-consolidated-list#composition%20list

## Политика

Magna нема да влегува во деловни трансакции со ниедна санкционирана земја или санкционирано лице, ниту со земја што е инволвирана со истите. Доколку дознаете за постоење или можни деловни трансакции со санкционирана земја или санкционирано лице или со земја што е инволвирана со истите, веднаш контактирајте го правниот застапник на групацијата, регионот или корпорацијата на Magna. Може да го контактирате и вашиот претпоставен, регионалниот службеник за усогласеност со законската регулатива или да го пријавите своето сомнение преку Линијата за помош на Magna.

## Санкционирани земји

Мора да се придржувате до важечките Закони за санкции во земјата каде што водите бизнис во име на Magna. Дополнително, политиката на Magna е генерално да се усогласи со Законите за санкции на Соединетите Американски Држави и Канада во сите нејзини глобални операции, доколку таквата усогласеност не е дозволена со локалните закони.

Имајте предвид дека Законите за санкции се сложени, варираат од држава и често се менуваат. Ако имате прашања во врска со примената на Законите за санкции на некоја деловна активност на Magna консултирајте се со правниот застапник на групацијата, регионот или корпорацијата на Magna за совет.

## Прекршувања

Magna не толерира прекршувања на усогласеноста. Секое прекршување ќе се смета како сериозно прашање и ќе се санкционира со дисциплинска постапка до максимум и вклучително со прекин на вработувањето.

Ако знаете или се сомневате дека некој го прекршил Кодексот на однесување и етика на Magna или оваа политика, треба да го пријавите своето сомнение, така што ќе го информирате правниот застапник на групацијата, регионот или корпорацијата. Може да го контактирате и (i) вашиот менаџер, (ii) регионалниот службеник за усогласеност со законската регулатива, (iii) нашиот одговорен службеник за усогласеност со законската регулатива за етика или (iv) Линијата за помош на Magna.

Согласно нашата Политика против одмаздување, Magna ги штити вработените да не бидат казнети, отпуштени, деградирани, суспендирани, дискриминирани или соочени со некоја друга форма на

одмазда поради пријавување со добра намера на какво било прекршување на Кодексот на однесување и етика на Magna или оваа политика.

## ЗА ПОНАТАМОШНИ ИНФОРМАЦИИ

За понатамошни информации или совет, контактирајте со правниот застапник на групацијата, регионот или корпорацијата, регионалниот службеник за усогласеност со законската регулатива или нашиот потпретседател, одговорниот службеник за усогласеност со законската регулатива за етика.

| | |
|---|---|
| **Originally Enacted:** | April 1, 2017 |
| **Current Version:** | February 23, 2022 |
| **Next Review Date:** | Q1 2025 |
| **Issued by:** | Ethics & Legal Compliance |
| **Approved by:** | Chief Compliance Officer, on behalf of Magna Compliance Council |



# Driving Integrity

# Know it.
# Speak it.
# Live it.